# ВОДИЧ ЗА ИКТ НА МЕТАМОРФОЗИС Бр. 10

# ГОВОР НА ОМРАЗА НА ИНТЕРНЕТ




**ВОДИЧ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ (ИКТ)**

Десеттиот Водич за ИКТ на Метаморфозис е наменет за сите оние коишто сакаат да стекнат основни знаења за спротивставување на говорот на омраза на интернет.
Водичот е подготвен во рамките на континуираните активности од иницијативата против говорот на омраза на интернет започната од Метаморфозис, МОФ, Реактор и Центарот за нови медиуми во декември 2012 година, а со поддршка на Фондацијата Отворено општество Македонија.
Ова издание, како и сите претходни изданија на Водичот се достапни во електронска форма на веб-сајтот (веб-локацијата) на Метаморфозис (www.metamorphosis.org.mk).
Ова, и другите изданија посветени на борба против говорот на омраза се достапни и на nemrazi.mk. Печатената верзија е бесплатна и за дополнителни примероци може да пишете по е-пошта на info@metamorphosis.org.mk.

## СОДРЖИНА


1. ОСНОВНИ ПОИМИ ........ 2
2. ВИДОВИ НА ГОВОР НА ОМРАЗА ПРЕКУ ПРИМЕРИ ........ 3
3. ВИДОВИ НА ГОВОР НА ОМРАЗА НА ИНТЕРНЕТ ........ 6
4. ГЛАВНИ СТРАТЕГИИ ЗА БОРБА ПРОТИВ ГОВОРОТ НА ОМРАЗА НА ИНТЕРНЕТ ........ 8
5. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ГОВОР НА ОМРАЗА НА ИНТЕРНЕТ ........ 10
6. КАКО ДА СЕ ОДГОВОРИ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА НА ИНТЕРНЕТ? ........ 13

# 1. ОСНОВНИ ПОИМИ

## ШТО Е ГОВОР НА ОМРАЗА?

Воопшто не е едноставно и лесно да се дефинира значењето на изразот „говор на омраза“ што се употребува во најразлични контексти. Европскиот суд за човекови права предупредува дека не постои универзално прифатена дефиниција за говор на омраза.

Обично, како ориентир се користи следнава отворена **дефиниција за „говор на омраза”** што експлицитно не ги вклучува сите препознаени форми:

**„...сите облици на изразување што шират, распалуваат, поттикнуваат или оправдуваат расна омраза, ксенофобија, антисемитизам или останати облици на омраза заснована врз нетолеранција, вклучувајќи и нетолерантност изразена во форма на агресивен национализам и етноцентризам, дискриминација или непријателство против малцинства, мигранти и лица со имигрантско потекло.”**

(Препорака бр.P(97)2 на Комитетот на министри на Советот на Европа за говорот на омраза од 1997 година (Додаток)).

Во судската пракса на Европскиот суд за човекови права се воспоставени одредени параметри со коишто се карактеризира „говорот на омраза“ и со тоа, да се исклучи од заштитата обезбедена за слободата на изразување или слободата на собирање и здружување. При пресудувањето, судот прави разлика меѓу вистинското и сериозно поттикнување на екстремизам и правото на индивидуите (вклучително и на новинарите и политичарите) да ги искажуваат своите ставови слободно и да ги „навредуваат, шокираат или вознемируваат” останатите.

Експертите предупредуваат дека изразот „говор на омраза“ се користи за широк спектар на **екстремно** негативен говор, за екстремни форми на омраза и поттикнување на омраза, за екстремно повредувачки и потпалувачки изрази, како и за екстремни форми на предрасуди и негативни стереотипи.

**Во најширока смисла, говорот на омраза се употребува за сите форми на изразување што шират, поттикнуваат, промовираат или оправдуваат омраза заснована на нетолеранција, врз која и да е дискриминаторска основа. Говорот на омраза е злоупотреба на слободата на изразување што се состои во повреда на правата на другите.**

Говорот на омраза не опфаќа само говор или пишан текст, туку може да опфати најразлични облици на изразување: јавно користење симболи на омраза (на пример, кукаст крст или запален крст), постери, флаери, карикатури, графити, музика, видеа, видео-игри или содржини објавени преку традиционалните медиуми или на интернет.

## ШТО Е ГОВОР НА ОМРАЗА „ОН-ЛАЈН“ И ГОВОР НА ОМРАЗА НА ИНТЕРНЕТ?

Во најширока смисла, под говор на омраза „он-лајн“ („сајбер-омраза“) се подразбира која било употреба на технологијата на електронски комуникации за ширење антисемитски, расистички, ксенофобични, дискриминаторски, екстремистички или терористички содржини. Изразот говор на омраза „он-лајн“ е поширок од изразот говор на омраза на интернет затоа што ги опфаќа не само интернет-содржините (веб-страници, социјални мрежи, кориснички-генерирани содржини, блогови, он-лајн игри, е-пораки итн.) туку и содржините на мобилните телефони.

## ШТО Е „САЈБЕР-МАЛТРЕТИРАЊЕ“?

Сајбер-малтретирање е користење на електронски комуникации во училиштен контекст, со намера да се вознемири, заплаши, попречи или физички да му се наштети на ученик/чка, поради расата, бојата на кожата, религијата, националното потекло, етничката припадност, сексуалната ориентација, попреченоста, родот, родовиот идентитет или изразување или друга лична карактеристика.

## ШТО Е „МРАЗАЧКИ САЈТ“?

Интернет мразачки сајт е веб-сајт (или веб-локација, веб-страница) одржувана од организирана мразачка група каде што се изразува омраза (кон едно лице или кон група) или каде што се нудат информации како да се поддржат идеолошките цели на мразачката група.

## ШТО СЕ ДЕЛА ОД ОМРАЗА?

Делата од омраза се кривични дела мотивирани од предрасуди каде што сторителот намерно одбира жртва со заштитена карактеристика (дискриминаторска основа).
Делата од омраза он-лајн ги опфаќаат оние кривични дела што се извршени по пат на електронски комуникации.

## РАСИСТИЧКИ И КСЕНОФОБИЧЕН МАТЕРИЈАЛ

Според **дополнителниот протокол од Конвенцијата за сајбер-криминал**, расистички и ксенофобичен материјал значи секој пишан материјал, секоја слика или која и да е друга репрезентација на идеи или теории што застапуваат, промовираат или поттикнуваат омраза, дискриминација или насилство, против која било индивидуа или група индивидуи, врз основа на раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, како и религија, ако таа е користена како претекст за некој од овие фактори.

## КОМПЈУТЕРСКИ СИСТЕМ

Во Кривичниот законик „Под компјутерски систем се подразбира каков било уред или група на меѓусебно поврзани уреди од кои, еден или повеќе од нив, врши автоматска обработка на податоци според одредена програма.“

# 2. ВИДОВИ НА ГОВОР НА ОМРАЗА ПРЕКУ ПРИМЕРИ ОД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Иако во Република Македонија имаме казнени дела што го регулираат и говорот на омраза, досега немаме речиси никаква правна практика. Токму затоа, битно е да се запознаеме како Европскиот суд за човекови права го препознава говорот на омраза, бидејќи одлуките на овој суд можат да се ползуваат и пред нашите судови.

## 2.1. ГОВОР НА РАСНА ОМРАЗА

**ПРИМЕР 1.**

Еден белгиски пратеник и претседател на политичката партија бил осуден за поттикнување расна дискриминација за време на изборна кампања, поради дистрибуирање летоци со следниве слогани: „Да се спротивставиме на исламизацијата на Белгија“, „Стоп за вештачката политика на интеграција“ и „Испратете ги дома доселениците кои бараат работа“.
Неговото тврдење дека му било повредено правото на слобода на изразување не било прифатено од страна на Судот. Судот утврдил дека неговата осуда била оправдана во насока на спречување нереди и заштита на правата на другите. Имено, изборните слогани јасно поттикнувале на расна омраза кон странците, особено кај помалку образованите членови на јавноста.

**ПРИМЕР 2.**

Новинар е осуден за поттикнување на ширење расистички забелешки затоа што во документарен филм објавил извадоци од ТВ-интервју со тројца членови на групата „Зелени јакни“ коишто изнеле навредливи забелешки за доселениците и етничките групи во Данска. Европскиот суд за човекови права направил

разлика помеѓу членовите на „Зелени јакни" кои отворено изнесувале расистички забелешки и новинарот, којшто сакал да покрене прашање од јавен интерес. Документарниот филм како целина не бил насочен кон пропагирање расистички ставови и идеи туку кон информирање на јавноста за еден општествен проблем, па Судот утврдил дека со осудата му било прекршено правото на слобода на изразувањето.

## 2.2. ГОВОР НА ВЕРСКА ОМРАЗА



**ПРИМЕР 1: АНТИСЕМИТИЗАМ**

Руски граѓанин е осуден за поттикнување етничка, расна и верска омраза заради објавување повеќе статии во коишто Евреите се прикажуваат како извор на злото во Русија.

Европскиот суд за човекови права зазел став дека жалителот во своите публикации сакал „да поттикне омраза кон еврејскиот народ" и се залагал за насилство врз одредена етничка група, па не би можел да бара заштита по член 10 (правото на слобода на изразување).

**ПРИМЕР 2: ИСЛАМОФОБИЈА**

Еден член на Британската национална партија е осуден за непријателство кон религиозна група затоа што на неговиот прозорец поставил постер со „Кулите Близначки" во пламен и слоган „Исламот надвор од Британија - Заштита за британскиот народ".

Судот утврдил дека таквиот воопштен, жесток напад врз една религиозна група, поврзувајќи ја групата како целина со тежок терористички чин, бил некомпатибилен со вредностите прокламирани и гарантирани со Конвенцијата, а особено толеранцијата, општествениот мир и недискриминацијата, па дека тој не би можел да бара заштита според членот 10.

**ПРИМЕР 3: ШТО НЕ Е ГОВОР НА ВЕРСКА ОМРАЗА?**

Припадник на исламистичка секта е осуден за отворено поттикнување на населението на омраза и непријателство врз основа на религиска припадност. За време на телевизиска дебата емитувана во доцните вечерни часови, тој жестоко ја критикувал демократијата, опишувајќи ги современите секуларни институции како „безбожни", жестоко критикувајќи ги секуларните и демократските принципи и отворено повикувајќи на воведување на шеријатскиот закон.

Судот утврдил дека било повредено неговото право на слобода на изразување, затоа што неговите екстремистички идеи биле претставени во плуралистичка јавна дебата што се обидела да ја претстави сектата и нејзините необични ставови, вклучувајќи ја и идејата дека демократските вредности биле некомпатибилни со концепцијата на сектата за Исламот. Судот утврдил дека забелешките на припадникот на исламистичката секта не можеле да се сметаат за повик на насилство или за „говор на омраза" врз основа на верска нетрпеливост.

## 2.3. ГОВОР НА ОМРАЗА ВРЗ ОСНОВА НА СЕКСУАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА



Група од организацијата наречена „Национална младина" биле осудени во Шведска за дистрибуирање на летоци во средно училиште во коишто било наведено дека хомосексуалноста е „девијантна сексуална наклонетост" што имала „морално деструктивен ефект врз суштината на општеството" и била одговорна за развојот на ХИВ и СИДА.
Судот заклучил дека мешањето во остварувањето на правото на слобода на изразување на жалителите од страна на Шведските власти, било со цел заштита на угледот и правата на останатите.

Судот утврдил дека изјавите од летоците претставувале сериозни тврдења базирани на предрасуди, иако не биле директен повик на акции поради омраза. Судот истакнал и дека дискриминацијата врз основа на сексуалната ориентација е подеднакво сериозна како и дискриминацијата врз основа на „расата, потеклото или боја на кожата".

## 2.4. НЕГАЦИОНИЗАМ

Авторот на книгата „Митовите за основањето на современ Израел" е осуден заради оспорување на постоењето на злосторства против човештвото, јавна навреда на Еврејската заедница и за поттикнување расна омраза.

Судот ја прогласил неговата жалба за недопуштена, со образложение дека

„негирањето на злосторства против човештвото [било] една од најсериозните форми на расна навреда на Евреите и поттикнување омраза кон нив“.

Судот слично постапил и за публикација во којашто се негира извршувањето на геноцид во гасните комори на концентрационите логори под национал-социјализмот, како и за статија во списание насочена кон демонстрирање на научната неверојатност на „наводните задушувања со гас“.

## 2.5. ГОВОР НА ОМРАЗА ВРЗ ОСНОВА НА ТОТАЛИТАРНА ДОКТРИНА



По правило, а врз основа на некомпатибилност со вредностите на Конвенцијата, Судот ги прогласува за недопуштени сите жалби инспирирани од тоталитарна доктрина или жалби кои изразуваат идеи што претставуваат закана за демократскиот поредок и можат да доведат до повторно воведување на тоталитарен режим.

## 2.6. ГОВОР НА ОМРАЗА КОЈШТО ПОТТИКНУВА НА ФИЗИЧКО НАСИЛСТВО



Сопственик на турски неделник каде што биле објавени две писма од читатели е осуден и за предизвикување непријателство и омраза меѓу луѓето.
Судот утврдува дека едно од писмата идентификувало лица со нивните имиња, предизвикало омраза кон нив и ги изложило на можен ризик од физичко насилство.
Иако сопственикот на неделникот лично не се поврзал со ставовите содржани во писмата, тој сепак на нивните автори им обезбедил средство за поттикнување насилство и омраза, па затоа, судот утврдува дека членот 10 не бил прекршен.

## 2.7. ГОВОРОТ НА ОМРАЗА КАКО ГЕНОЦИД И ЗЛОСТОРСТВО ПРОТИВ ЧОВЕШТВОТО



Уредникот на нацистичкото списание „Јуришник“ е осуден на смрт на Нирнбершките процеси заради објавените написи против Евреите: „Штрајхеровото поттикнување на  убиство и истребување во време кога Евреите на Исток биле убивани во најужасни услови јасно креира прогон врз политичка и расна основа, во врска со воени злосторства... и креира злосторство против човештвото.“
Нирнбершкиот суд не утврдува директна врска помеѓу антисемитските написи во приватното списание „Јуришник“ и конкретен случај на насилство против Евреите. Според судиите, доволно било тоа, што нашироко распространетиот „Јуришник“ инјектирал отров во умовите на илјадници Германци - отров што предизвикал да ги поддржат национал-социјалистичките политики на прогонување и уништување на Евреите.

**ИЛУСТРАЦИЈА 1:**
Сатанизација на Евреите во нацистичкото списание „Јуришник“



Der Stürmer
Deutsches Wochenblatt zum Kampfe um die Wahrheit
HERAUSGEBER: JULIUS STREICHER

Nummer 9 | Nürnberg, 25. Februar 1943 | 21. Jahr 1943

Die Mobilmachung des Volkes

Kampf dem Weltfeind

Der Satan

Aus dem Inhalt

Wenn der Jude siegt, geht die Menschheit zugrunde!

Die Juden sind unser Unglück!

Меѓународниот суд за воени злосторства во Руанда го осудува сопственикот на радиото РТЛМ за поттикнување геноцид, опишувајќи го радиото како негово „избрано оружје што го користел за да предизвика убивање на Тутси цивили“. Истиот суд утврди дека говорот на омраза во медиумите (РТЛМ и „Кангура“) претставувал прогонување и дека нема потреба говорот на омраза да содржи повик за акција или да има врска помеѓу прогонувањето и актите на насилство. Според судот, самите говори на омраза и повици за насилство против Тутсите по 6 април 1994 (по почетокот на систематскиот и широк напад против Тутсите) претставуваат акти на прогонување.
Судот во Руанда истакна дека говорот на омраза е дискриминаторска форма на агресија што го уништува достоинството на оние од групата која е нападната и дека предизвикува ненадоместлива штета.

**ИЛУСТРАЦИЈА 2:**
**„Кангура“**




Насловната страница на списанието **„Кангура“** (извор Wikipedia) со мачета и текст до неа: „Кои оружја ќе ги користиме за да ги победиме лебарките?“

# 3. ВИДОВИ НА ГОВОР НА ОМРАЗА НА ИНТЕРНЕТ

## 3.1. МРАЗАЧКИ САЈТОВИ (ЛОКАЦИИ)

Мразачките сајтови, вообичаено, се посветени на промовирање или поттикнување на омраза кон одредена група или групи. Омразата се мобилизира за да се гради заедница, за да се шири одредена идеологија, да се регрутираат нови членови, или пак да се охрабруваат или промовираат дела од омраза.

**ПРИМЕР:** Сајтот (локацијата) **www.stormfront.org** е расистички сајт (форум) којшто отворено шири омраза кон Евреите.




## 3.2. МРАЗАЧКИ БЛОГОВИ

Мразачките блогови исто така, се чест метод на ширење омраза и нетолеранција кон одредени групи или индивидуи. Блоговите им нудат можност на мразачите преку селективно модерирање на анонимни коментари да создадат заедница што споделува само негативни коментари и стереотипи кон одредена група.

**ПРИМЕР:** Блогови што отворено шират говор на етничка омраза кон Бугарите, Грците или Албанците.

Во студијата **Говор на омраза во бугарските и во македонските медиуми: примери, причини и решенија** како пример се дава блог „чие мото е „Смрт за про–Бугарите, слобода за светот“ што содржи слика на Адолф Хитлер на којашто на германски пишува „Забрането за про–Бугари, секташи и кучиња“.

## 3.3. Е-ПОШТИ (И-МЕЈЛОВИ) И ЛИЧНИ ПОРАКИ

Приватните е-пошти (и-мејлови) и лични пораки исто така се користат од страна на мразачите затоа што се медиум што најтешко се контролира.

**ПРИМЕРИ:**
И-мејл листа на на навивачи-расисти преку којашто се шири расистичка идеологија.

Лични електронски пораки насочени против индивидуа којашто јавно се залага за борба против расизмот во спортот.

## 3.4. МРАЗАЧКИ ИГРИ

Мразачки игри обично се он-лајн игри што поттикнуваат насилство кон одредена група (или индивидуа) или пак мразачки верзии на популарни компјутерски игри.

**ПРИМЕР:** Компјутерската игра **„Етничко чистење“** како цел промовира потполно уништување на сите непријатели коишто не се дел од „некогаш чистата и бела нација“.




## 3.5. СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ

Иако социјалните мрежи имаат правила на употреба што забрануваат говор на омраза, Фејсбук и другите социјални мрежи се преполни со страници што промовираат омраза, па дури и со групи што директно поттикнуваат на насилство. Некои од нив е многу тешко да се пронајдат, затоа што се достапни единствено за „пријателите“ на страницата.

**ПРИМЕР:** Фејсбук групи насловени со: **„Мразам педери, курви и цајкани“** или **„Мразам девојки“.**

## 3.6. ВИДЕО И МУЗИКА

Иако сајтовите каде што можат да се постираат видеа и музика имаат правила на употреба што забрануваат говор на омраза, анонимноста овозможува постирање на мразачки песни и видеа.

**ПРИМЕРИ:** Неонацистички лидер го купува најголемиот дистрибутер на расистичка музика, како инструмент за регрутирање нови членови.

Видеото **„Притвор за педерите“** (заедно со коментарите) отворено промовира и поттикнува на насилство врз основа на сексуалната ориентација.

## 3.7. АВТОМАТСКИ СОДРЖИНИ, ФИКТИВНИ ИДЕНТИТЕТИ, И ДРУГИ СТРАТЕГИИ

Некои мразачки сајтови користат и компјутерски генерирани содржини (или идентитети) што имаат за цел да шират пропаганда или говор на омраза кон одредени групи. Некои мразачи користат и техники за оптимизација на пребарувачи (како на пример стратегии за хиперлинкање за да се генерираат подобри резултати при пребарувањето), узурпација на домени, тролање итн.

**БЕЗБЕДНО НА ИНТЕРНЕТ (www.bezbednonainternet.org.mk)**

Прашањето на говор на омраза е тесно поврзано со прашањето на личната безбедност. Веб-сајтот „Безбедно на интернет“ е посветен на заштита на безбедноста и приватноста на децата на интернет.



# 4. ГЛАВНИ СТРАТЕГИИ ЗА БОРБА ПРОТИВ ГОВОРОТ НА ОМРАЗА НА ИНТЕРНЕТ

## 4.1. НАБЉУДУВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ

Набљудувањето не подразбира само собирање на жалби од корисниците туку користење на разни методи за собирање на податоци, како анкети, статистички прегледи, квалитативни анализи на говорот на омраза, мапирање на мразачки сајтови, блогови, содржини итн.

На пример, **„Црна книга“** документира бројни примери на говор на омраза во новинарските он-лајн коментари и на социјалните мрежи.

## 4.2. ЖЕШКИ ТЕЛЕФОНИ И ОБРАСЦИ ЗА ЖАЛБИ

Во многу земји во Европа постојат специјализирани телефонски линии и сајтови со обрасци за пријавување на говор на омраза или други илегални содржини на интернет (на пример, детска порнографија).

### „СТОП ЗА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА НА ИНТЕРНЕТ“

**nemrazi.mk**

Веб-сајтот „Стоп за говорот на омраза на интернет“ (nemrazi.mk) собира и презентира информации и образовни содржини поврзани со борбата против говорот на омраза. Како дел од иницијативата против говор на омраза на Интернет покренета од Метаморфозис, МОФ, Реактор и Центарот за нови медиуми во 2012 г., тој нуди можности за приклучување кон заедница активисти од цела Македонија. Иницијативата е е дел од Движењето против говор на омраза (No Hate Speech Movement) покренато од Советотот на Европа.
Заедницата функционира и преку социјалните мрежи Фејсбук (fb.me/nemrazi) и Твитер - @nemrazi и **#немрази**.
Покрај упатствата како што се **„Како да пријавите говор на омраза на интернет во Македонија?“**, и **„Како да пријавите говор на омраза на Фејсбук?“**, веб-сајтот содржи и опсежна е-библиотека во која се складираат сите изданија поврзани со говорот на омраза релевантни за Македонија, меѓу кои упатства и истражувања објавени од Метаморфозис, ФООМ, ОБСЕ, ЦРМ, Совет на Европа и други организации и институции.



# АЛАТКИ ЗА ЈАВНО ПОСОЧУВАЊЕ НА ГОВОР НА ОМРАЗА

На интернет постојат неколку можности да се придонесе во борбата против говорот на омраза со пријавување со цел да се поттикне идентификувањето, испитувањето и јавната дискусија за овој проблем.

- Сервисот за проверка на факти од медиумите (proverkanafakti.mk), дел од Проектот на УСАИД за зајакнување на независните Медиуми во Македонија спроведуван од Метаморфозис, нуди опција „Предложи напис за рецензија“, преку која читателите укажуваат на медиумски манипулации кои може да содржат и говор на омраза. Тимот новинари и експерти за човекови потоа ги анализира посочените написи како типски примери од аспект на исполнување на новинарските стандарди, со цел едукација на јавноста.
- На веб-сајтот на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија govornaomraza.mk има посебен он-лајн формулар за пријавување говор на омраза, како и можност за пријавување со користење на iPhone или Android апликација, преку е-пошта, или Твитер (Со праќање на „твит“ (tweet) со хаштагот: #prijaviomraza).
- Покрај низа ресурси, меѓу кои и оригинални видео-материјали за разни аспекти на говорот на омраза, веб-сајтот на Македонскиот институт за медиуми bezomrazno.mk содржи опција „Пријави говор на омраза“ преку која се прибираат примери за делот „Препознај говор на омраза“.

## 4.3. СОРАБОТКА СО ИНТЕРНЕТ ПРОВАЈДЕРИТЕ НА УСЛУГИ И СО ЗАКОНОТ

Дел од организациите ги предупредуваат интернет провајдерите на услуги за прекршување на условите за користење со цел да ги тргнат „оф-лајн“ (да ги исклучат) мразачките содржини и сајтови (локации). Сепак, блокирањето на сајтови, ИП-адреси, и слично се смета за крајна мерка што може да се спореди со забрана на весник или радио.

## 4.4. ОБРАЗОВАНИЕ, ТРЕНИНГ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА СВЕСТА

Образовните програми за намалување на бројот на луѓе коишто користат стратегии на говор на омраза се сметаат за долгорочен метод при адресирање на проблемот. Програмите за промоција на медиумската писменост и на дигиталната писменост треба да вклучуваат содржини како да препознаеме говор на омраза и како може да се обезбеди заштита од говор на омраза, воопшто, и од говор на омраза он-лајн, како и од сајбер-малтретирање.

Многу организации препорачуваат методи за градење вештини кај младите за критички пристап кон материјалите на интернет, посебно кон оние што поттикнуваат на омраза или на насилство кон одредени групи.

Некои организации се вклучуваат во проекти за зголемување на свеста кај новинар(к)ите и медиумите, сметајќи дека можат да одиграат клучна улога во борбата против негативните стереотипи, предрасуди и говорот на омраза.

Некои, прибегнуваат кон стратегии за директно и отворено спротивставување со сторителите на говор на омраза, со намера јавно да ја разобличат нивната игноранција и пристрасност.







## 4.5. ПОДДРШКА НА ЖРТВИТЕ И ГРАДЕЊЕ НА ЗАЕДНИЦА

Постојат и организации што нудат правна и друг вид поддршка на жртвите на говорот на омраза. На пример, во Индија постои центар што нуди советување за жртви на говор на омраза и сајбер-малтретирање, како и правна помош. Постојат сајтови (локации), како на пример **„Да ја избришеме хомофобијата на Фејсбук“** што гради заедница за борба против хомофобијата на Фејсбук преку мотивирање на членовите да пријавуваат говор на омраза врз основа на сексуалната ориентација на Фејсбук.

**Коалицијата за сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници – Скопје (www.coalition.org.mk)** нуди бесплатна правна помош и советување за жртви на говор на омраза и сајбер-малтретирање за припадници на маргинализирани групи (ЛГБТ, корисници на дрога, лица што живеат со ХИВ, сексуални работници).

## 4.6. ЈАВНИ КАМПАЊИ

Многу организации спроведуваат јавни кампањи против говорот на омраза, воопшто, и на интернет.

На пример, во тек е **„Националната кампања против говорот на омраза на интернет“**, поддржана и од Агенцијата за млади и спорт.

## 4.7. ЈАВНИ И ЛЕГИСЛАТИВНИ ИНИЦИЈАТИВИ

Повеќе организации спроведуваат различни јавни иницијативи во врска со говорот на омраза. На пример, постојат содржини за стопирање на мразачки содржини на социјалните мрежи преку филтрирање на повредувачките зборови и изрази.

Постојат јавни иницијативи и за промена на законодавството во врска со говорот на омраза и за негова осуда. На пример, во Македонија во 2012 и 2013 постоеше законодавна иницијатива со предлог-декларација за јавна осуда на говорот на омраза (поддржана од повеќе организации) што не беше изгласана од страна на Собранието.

Сепак, Собранието во 2014 година усвои законски измени што овозможуваат кривичен прогон на говорот на омраза, вклучително и на интернет, по сите заштитени основи што се наведени во Законот за спречување и заштита од дискриминација.

# 5. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ГОВОР НА ОМРАЗА НА ИНТЕРНЕТ

Целта на регулирањето на говорот на омраза е да се превенира повреда на другите права и да се превенира предизвикувањето штета. Говорот на омраза може да го повреди правото на достоинство, правото на еднаквост и недискриминација, правото на учество во јавниот живот, слободата на изразување и здружување, правото на мирен протест, правото на вероисповед итн.  Говорот на омраза може да предизвика психолошка штета, повреда на самопочитувањето, страв, трауми итн.

Леснотијата со којашто може да се одржува анонимноста он-лајн може да придонесе за продлабочување на емоционалните и психолошки повреди кај жртвите, поради сомнежот дека мразачите може да се во непосредна близина на жртвата. Самата перцепција за брзо и неконтролирано ширење на говорот на омраза преку интернет може да ја зголеми вознемиреноста кај жртвата.

Во Република Македонија постојат и кривични и прекршочни одредби што можат да се искористат за заштита од говорот на омраза на интернет.

## 5.1. МОЖНОСТИ ЗА КРИВИЧЕН ПРОГОН НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА НА ИНТЕРНЕТ

Во случаи каде што нема алтернатива за кривичниот прогон, дел од организациите се впуштаат во кривично гонење на сторителите, насочено не само кон отстранувањето на говорот на омраза туку и кон казнувањето на одговорните за него. Треба да се биде внимателен при кривичниот прогон за говор на омраза, затоа што тоа може да биде искористено од извршителите за создавање претстава на „маченици“ или на „жртви“ за слободата на изразувањето.

### ГОВОР НА ОМРАЗА НА ИНТЕРНЕТ

Појавата на интернетот на извесни лица им овозможи моќно орудие за поддршка и ширење на расизмот и ксенофобијата. Во Кривичниот законик на Република Македонија има посебно кривично дело за „Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем (чл. 394 г)“. Со најновите измени, ова дело не опфаќа само забрана на јавно ширење преку компјутерски систем на расистички и ксенофобичен материјал туку и на содржини што помагаат, промовираат или поттикнуваат омраза, дискриминација или насилство против кое било лице или група, врз која и да е дискриминаторска основа. Забраната се однесува и на јавното ширење на говор на омраза преку други средства за јавно информирање.

(1) Тој што преку компјутерски систем во јавноста шири расистички и ксенофобичен пишан материјал, слика или друга репрезентација на идеја или теорија што помага, промовира или поттикнува омраза, дискриминација или насилство, против кое било лице или група, врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или на која било друга основа предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и тој што делото ќе го стори преку други средства за јавно информирање.

(3) Тој што делото од ставовите (1) и (2) на овој член го врши со злоупотреба на положбата или на овластувањето или, ако поради тие дела дошло до безредие и насилства спрема луѓе или до имотна штета од големи размери, ќе се казни со затвор од една до десет години.

## 5.2. ЗАГРОЗУВАЊЕ НА СИГУРНОСТА ПО ПАТ НА ЗАКАНИ ЗА ТЕШКИ КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРЕКУ ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМ

Во Кривичниот законик се казнуваат и заканите преку информатички систем за тешки кривични дела (за коишто е пропишана казна затвор од најмалку пет години), поради припадност на одредена заштитена група.

„Тој што по пат на информатички систем ќе се закани дека ќе стори кривично дело за кое е пропишана казна затвор од пет години или потешка казна против некое лице поради нивната припадност на одреден пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или на која било друга основа предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор, ќе се казни со казна затвор од една до пет години.” (чл. 144, ст. 4 од КЗ, Загрозување на сигурноста)

## 5.3. ПРЕДИЗВИКУВАЊЕ ОМРАЗА, РАЗДОР ИЛИ НЕТРПЕЛИВОСТ ВРЗ КОЈА И ДА Е ДИСКРИМИНАТОРСКА ОСНОВА

Со најновите измени во Кривичниот законик се казнува не само предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна и верска основа, туку и врз друга дискриминаторска основа.

„Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа. (Член 319)

**(1)** Тој што со присилба, малтретирање, загрозување на сигурноста, излагање на подбив на националните, етничките, верските и други симболи, со палење, уништување или на друг начин оштетување на знаме на Република Македонија или знамиња на други држави, со оштетување туѓи предмети, со сквернавење споменици, гробови или на друг дискриминаторен начин, непосредно или посредно, ќе предизвика или ќе разгори омраза, раздор или нетрпеливост врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор, ќе се казни со затвор од една до пет години.

**(2)** Тој којшто делото од ставот (1) на овој член го врши со злоупотреба на положбата или на овластувањето или ако поради тие дела дошло до безредие и насилства спрема луѓе или до имотна штета од големи размери, ќе се казни со затвор од една до десет години."

## 5.4. ЗАБРАНА НА РАСНА И ДРУГА ДИСКРИМИНАЦИЈА

Со најновите измени, Кривичниот законик забранува не само расна, туку и секаква друга дискриминација. Забрането е и прогонувањето на организации или на поединци поради нивното залагање за рамноправност на луѓето, како и ширење идеи за супериорност на една раса над друга или пропагирање расна омраза или пак, поттикнување на расна дискриминација.

Расна и друга дискриминација (чл. 417)

**(1)** Тој што врз основа на разлика на полот, расата, бојата на кожа, родот, припадноста на маргинализирана група, етничката припадност, јазикот, државјанството, социјалното потекло, религијата или верското уверување, други видови уверувања, образованието, политичката припадност, личниот или општествениот статус, менталната или телесната попреченост, возраста, семејната или брачната состојба, имотниот статус, здравствената состојба или која било друга основа, предвидено со закон или со ратификуван меѓународен договор, ги повредува основните човекови права и слободи признати од страна на Меѓународната заедница, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

**(2)** Со казната од став 1 ќе се казни тој што врши прогонување на организации или на поединци поради нивното залагање за рамноправност на луѓето.

**(3)** Тој што шири идеи за супериорност на една раса над друга или пропагира расна омраза или поттикнува на расна дискриминација, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.

**Пријавување кривично дело во полиција или јавно обвинителство**

Според Кривичниот законик на Република Македонија, ширењето омраза е кривично дело за кое следува казна од 1 до 10 години затвор, во зависност од последиците. Во МВР тоа може да се пријави и анонимно, во најблиската полициска станица, преку телефонот 192 или со праќање е-пошта до Одделението за компјутерски криминал на cybercrime@moi.gov.mk.

## 5.5. ЗАБРАНА НА ОДОБРУВАЊЕ ИЛИ ОПРАВДУВАЊЕ НА ГЕНОЦИД, ЗЛОСТОРСТВА ПРОТИВ ЧОВЕЧНОСТА ИЛИ ВОЕНИ ЗЛОСТОРСТВА

Кривичниот законик забранува јавно негирање, грубо минимизирање, одобрување или оправдување на геноцид, злосторства против човечноста или воени злосторства по пат на информациски систем, дури и кога се врши без намера за поттикнување омраза, дискриминација или насилство.

Предвидена е потешка казна (најмалку четири години) ако негирањето, минимизирањето, одобрувањето или оправдувањето е сторено со намера за поттикнување омраза, дискриминација или насилство против некое лице или група на лица поради нивната национална, етничка или расна припадност или верска определба.

Одобрување или оправдување на геноцид, злосторства против човечноста или воени злосторства (Член 407-а)

**(1)** Тој што по пат на информациски систем јавно ги негира, грубо ги минимизира, ги одобрува и оправдува делата од членот 403 до 407, ќе се казни со затвор од една до пет години.

**(2)** Ако негирањето, минимизирањето, одобрувањето или оправдувањето е сторено со намера за поттикнување омраза, дискриминација или насилство против некое лице или група на лица поради нивната национална, етничка или расна припадност или верска определба, сторителот, ќе се казни со казна затвор од најмалку четири години.

## 5.6. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА

Говорот на омраза може да се толкува и како форма на дискриминација. На пример, Трибуналот во Руанда во пресудата против медиумските сопственици забележа дека „говорот на омраза што таргетира популација врз основа на етникум  или која и да е друга дискриминаторска основа, го прекршува правото на почитување на достоинството на членовите на таргетираната група како човечки суштества, па затоа претставува „актуелна дискриминација““.

Во **Законот за спречување и заштита од дискриминација** се казнува и секое повикување и поттикнување на дискриминација. Глоба во износ од 400 до 600 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на секој оној којшто повикува или поттикнува на дискриминација.

Како дискриминација ќе се смета и секоја активност со којашто некое лице директно или индиректно повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува друго лице да изврши дискриминација.  (член 9)

Во **Законот за спречување и заштита од дискриминација** постои одредба дека

„Вознемирувањето и понижувачкото постапување претставува повреда на достоинството на лице или на група на лица што произлегува од дискриминаторска основа и што има за цел или како резултат повреда на достоинството на одредено лице или создавање заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.“

# 6. КАКО ДА СЕ ОДГОВОРИ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА НА ИНТЕРНЕТ?

## 6.1. ШТО МОЖАМ ДА НАПРАВАМ КАКО КОРИСНИК?

Да ги користам механизмите за пријавување говор на омраза на интернет, аргументирајќи ги пријавите прецизно и аналитички.

**ПРИМЕР:** На социјалната мрежа Фејсбук (Facebook) има посебни **инструкции** како да се пријави злоупотребувачка содржина, преку употребата на линкот “Report”.

- Да постирам видеа, спротивставени гледишта, или коментари што го осудуваат говорот на омраза на интернет.
- Да ги информирам организациите што го набљудуваат и се борат против говорот на омраза на интернет за конкретни случаи.
- Да барам од Властите да дефинираат политики и програми за борба против говорот на омраза на интернет.
- Да ги користам правните механизми за заштита од говор на омраза на интернет.

**ОРГАНИЗАЦИИ ШТО НАБЉУДУВААТ, ИЗВЕСТУВААТ И СЕ БОРАТ ПРОТИВ ГОВОРОТ НА ОМРАЗА НА ИНТЕРНЕТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА:**

**„Метаморфозис“**
(metamorphosis.org.mk, nemrazi.mk)
**МИМ**
(mim.org.mk, bezomrazno.mk)
**Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија**
(mhc.org.mk, govornaomraza.mk)
**Центар за развој на медиуми**
(mdc.org.mk)

## 6.2. ШТО ТРЕБА ДА ПРАВАТ ИНТЕРНЕТ ПРОВАЈДЕРИТЕ?

- Да го дефинираат говорот на омраза.
- Да го забранат говорот на омраза на нивниот сајт (локација) преку јасна изјава во рамките на Упатството за користење.
- Да утврдат јасни, лесно достапни механизми за да можат корисниците да пријавуваат говор на омраза.
- Да дејствуваат брзо отстранувајќи ги или изолирајќи ги интернет содржините со говор на омраза, откако ќе бидат повеќекратно пријавени.
- Да ги информираат корисниците зошто нивното пријавување на говор на омраза било отфрлено.

## 6.3. ШТО ТРЕБА ДА ПРАВАТ ВЛАСТИТЕ?

- Да ги тренираат овластените служби за борба против расистички и ксенофобични материјали на интернет и други видови говор на омраза.
- Да донесат ефикасни закони за борба против говорот на омраза на интернет, вклучително и за заштита од сајбер-малтретирање.
- Да дејствуваат одговорно на своите сајтови, во насока на спречување на говорот на омраза на интернет.
- Јавно да го осудуваат говорот на омраза на интернет.
- Да не ја злоупотребуваат борбата против говорот на омраза на интернет, за ограничување на правото на слобода на изразување (особено кога станува збор за содржини што се критички настроени кон Властите).

**Издавач:** Метаморфозис, фондација
за интернет и општество
За издавачот: Бардил Јашари
Автор: Жарко Трајаноски
Лектура: Милица Миркуловска
Лого: Виолета Коцев
Графичка обработка: Кома

Авторот и фондацијата „Метаморфозис“ се сопственици на авторските права врз текстовите објавени во овој водич.

Во дигитална форма содржините се објавени под лиценцата Криејтив комонс-Наведи извор-Сподели под исти услови 2.5 Македонија
http://creativecommons.org/licenses/by-sa/2.5/mk

Поддржано од
FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

МЕТАМОРФОЗИС

„Метаморфозис“ е независна, непартиска и непрофитна фондација со седиште во Скопје, Република Македонија. Мисијата на „Метаморфозис“ е да придонесе за развој на демократијата и подобрување на квалитетот на живеење преку иновативна примена и ширење на знаењето. Нејзини главни вредности се отвореност, еднаквост и слобода.

Адреса за контакт:
**„Метаморфозис“**
ул. „Апостол Гусларот“ бр. 40,
1000 Скопје, Македонија
тел/факс: +389 2 3109 325
info@metamorphosis.org.mk
www.metamorphosis.org.mk

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

316.625:316.613.434]:004.738.5

ТРАЈАНОСКИ, Жарко
Говор на омраза на интернет / [автор Жарко Трајаноски]. - Скопје : Фондација Метаморфозис, 2014. - 16 стр. : илустр. ; 21 см. - (Водич за ИКТ на Метаморфозис ; #бр. #10)

ISBN 978-608-4564-53-9

а) Говор на омраза - Интернет
COBISS.MK-ID 96950282

